**ЗАПИСНИК**
**од 42-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 25.12.2023 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Аjдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Арбен Саити, м-р Арѓенд Џелили , м-р Горјан Шекеринов Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 42-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 13:10 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втори кат.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за", го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 41-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.12.2023 година.
2. Предлог-одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Приватна високообразовна установа Универзитет Скопје - Скопје, Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ СКОПЈЕ, бр. 08-333 од 09.10.2023 година.
3. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа со 5 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Трајчев го усвои предложениот Записник од 41-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.12.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за одземање на дозволата за радио емитување на Приватна високообразовна установа Универзитет Скопје - Скопје, Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ СКОПЈЕ, бр.08-333 од 09.10.2023 година. Објасни дека на радиодифузерот согласно Законот во кој се вели дека

стручниот надзор се врши во рок од 30 дена од истекот на триесетиот ден од денот на започнувањето со вршење на дејноста утврден во дозволата за радио емитување, му се направи стручен надзор за да се види дали ги исполнува критериумите односно обврските што ги има радиодифузерот согласно Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување. Но, за жал при стручниот надзор се констатира дека не ги исполнува минималните технички и просторни услови. Од таа причина Советот донесе Одлука да се започне постапка за одземање на дозволата, а потоа дополнително беше направен и контролен надзор на кој што беше утврдено дека повторно не ги исполнува пропишаните минимални услови. Од надзорот се направени снимки и изминатиот период освен музичка програма немаше говорен дел, иако има и такви обврски согласно доделената дозвола. Во таа насока согласно Законот се предлага да му се одземе дозволата на радиодифузерот.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се одзема дозволата за радио емитување, Уп1 бр.08-333 од 09.10.2023г. на Приватната високообразовна установа Универзитет Скопје - Скопје, Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ СКОПЈЕ, поради тоа што имателот на дозволата подолго од 30 дена од денот на започнување со вршење на дејноста, утврден во дозволата, не ги исполнил техничките и просторните услови што ги понудил во постапката за доделување на дозволата, односно просторните и техничките услови на радиодифузерот не се во согласност со понудените просторни и технички услови во постапката за доделување на Дозвола Уп1 бр.08-333 од 09.10.2023г., кои се наведени во Образецот бр.2 кој е составен дел на Пријавата за учество на јавен конкурс за доделување на дозвола Уп1 бр.08-187 од 15.05.2023 г.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб страницата на Агенцијата и во два дневни весници, од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

Г-дин Петрушевски во името на Советот изрази жалење што радиодифузерот не успеа да проработи, вклучувајќи ја и претходно одземената дозвола на друго непрофитно радио исто така од универзитет.

**Точка 3**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр. 02-96/1**

**05. 2024 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**